# ПОЛИТИКА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

Политиката за спречување на корупција на Управата за водење на матичните книги е донесена со цел да се распределат обврските и должностите во нашата организација со цел спречување мито и корупција. Управа за водење на матичните книги превзеде обврска за спроведување на политика на нула толеранција за мито и корупција и се обврзува да дејствува професионално, фер и со интегритет во сите свои активности и надлежности и сме посветени кон спроведување на ефективен менаџмент систем за борба против корупција.

Со цел ефективен менаџмент систем и исполнување на барањата на стандардот МКС ISO 37001:2017, Управа за водење на матичните книги се насочува кон исполнување на следните начела:

- Пристап на нула толеранција за мито и корупција.
- Посветеност на професионално дејствување, фер и интегритет во сите активности на Управата за водење на матичните книги, како и посветеност на спроведување на ефективни системи за спречување на корупција.
- Почитување на сите релевантни закони поврзани со спречување на мито и корупција, заштита на укажувачи и законските прописи за вработените.
- Поттик за анонимно пријавување во случај на појава на корупција.
- Заштита на сите оние кои ќе пријават сомнеж за корупција или одбивање мито со добра намера.
- Забрана за откривање на идентитетот на укажувачите, освен во исклучителни случаи кога надлежен орган/судска одлука бара нивно откривање.
- Вработените во Управа за водење на матичните книги може да примаат и даваат подароци и гостопримство од трети страни согласно Прирачникот за вработените и воспоставените процедури од менаџмент системот
- Подароци кои се условени со противвредност и/или противуслуга кон трети лица, односно привлекуваат обврска на вработен во Управа за водење на матичните книги да вети нешто во корист на трета страна или да направи нешто во корист на трета страна, што не би смеел да го даде/вети/направи се недозволени.
- Посветеност со цел зголемување на свеста за спречување на корупција, како и реализација на тренинзи за своите вработени со цел запознавање со механизмите за спречување на корупција.
- Намалување на ризиците кои имаат влијание врз работењето и предизвикуваат појава на корупција.
- Заложбата на Управа за водење на матичните книги за нула толеранција за мито и корупција е обврска на сите вработени, ангажирани лица, поврзани лица, добавувачи, граѓани.
- Политиката се однесува за сите вработени и ангажирани лица на сите нивоа на Управата за водење на матичните книги и претставува обврска на сите за нејзино почитување.

За остварување на целите на Политиката, Управа за водење на матичните книги ја следи нејзината примена и истата ќе биде предмет на континуирано ажурирање, подобрување на менаџмент системот за борба против корупција и усогласување со законската регулатива.

Скопје, 05.07.2023

в.д Директор
Mr. Emir Sulejmani